КОСОВСКИ МОЗАИ

Изгледите за Голема Албанија повторно за некого се реални. Доколку еден ден тоа би било остварливо а на сметка на Србија, Црна Гора, Македонија и на Грција, во тој случај и би немало што многу да се избира. Некои аналитичари-хегемонисти веќе разработуваат и план за привиден баланс на Балканот. Тие сметаат дека во таква ситуација Србија би требало да се наговори да го прифати проектот на реципроцитет, односно создавање на т.н. мини голема Србија, во чиишто рамки би влегле Република Српска и дел од Северно Косово. Сепак, тие не анализирале што би се случило со Македонија и со Црна Гора. Или би ги оставиле на цедило со територијата која колку-толку им преостанала од делбата на колачот?

Пишува:
Мишко ТАЛЕСКИ

Илустрацијата на тамошната ситуација е следна: косовското Собрание и Владата не се навистина мултиетнички; нема заштита за неалбанските заедници кога ќе бидат надгласани (во Македонија постои консензуална демократија со право на вето од малцинските заедници); не постои стратегија за решавање на проблемот со невработеноста, која изнесува повеќе од 70 отсто од работоспособното косовско население; не постои стратегија за економски напредок; премногу се мали шансите Србите и другите неалбанци да добијат работа во јавниот сектор; постои недостаток на елементарна безбедност за неалбанското население, чија слобода на движење се гарантира со т.н. хуманитарен автобуски транспорт под надзор на полицијата на УНМИК и силите на КФОР; илегалната приватизација е основа за натамошното етничко чистење на неалбанците; скратени им се јазичните права на Србите и на другите етнички заедници; имотот на неалбанците се ограбува и нема никаква заштита од страна на властите; нема иницијатива за враќање на раселените лица; не се прават никакви напори да се реконструираат осквернавените културно-историски споменици; организираниот криминал цвета во сите општествени области и тој е мултинационален; Косовскиот заштитен корпус е полигон за обука на албански екстремни групи, кои би се употребиле во т.н. албански области на Балканот; Косовскиот заштитен корпус се подготвува да стане армија, што претставува директно кршење на Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ООН; српската и другите заедници немаат никаква доверба во политичко-административниот систем во Приштина; од октомври 2000 година политичките партии на косовските Албанци ги избегнуваат директните преговори со Белград и единствено би преговарале за независност, но не помалку од тоа.

Ова се само дел од девијациите кои веќе шест години а и сега се присутни во протекторатот, односно откако меѓународните сили се наоѓаат таму. Сепак, ова се страната и аргументите кои ги застапуваат Србите. Албанските факти се сосема поинакви и различни од горенаведените.

КОЈ ГУБИ, А КОЈ ДОБИВА?

Србија сака по секоја цена и натаму да го задржи Косово во свои рамки, со статус кој би значел автономија. Според меѓународната заедница, тоа е неизводливо. Можеби најверодостојна е размислата на шефот на српскоцрногорската дипломатија, Вук Драшковиќ, поткрепена и од некои европски дипломати: "За Косово најдобро решение е повеќе од широка автономија, а помалку од независност". Србија е свесна дека целосното губење на Косово ќе ја ослаби како држава и таа нема да ја има клучната улога во себалканските случувања. Со тоа Белград би ја изгубил големата улога во југоисточна Европа. Исто така, Србија е свесна и за негативните чувства на Турција кон неа и можноста за проширување на нејзиното влијание во областите со муслиманско население на Балканот - Босна, Санџак, Косово...

Изгледите за Голема Албанија повторно за некого се реални. Доколку еден ден тоа би било остварливо а на сметка на Србија, Црна Гора, Македонија и на Грција, во тој случај и би немало што многу да се избира. Дел од аналитичарите-хегемонисти веќе разработуваат и план за привиден баланс на Балканот. Тие сметаат дека во таква ситуација Србија би требало да се наговори да го прифати проектот на реципроцитет, односно создавање на т.н. мини голема Србија, во чиишто рамки би влегле Република Српска и дел од Северно Косово. Сепак, тие не анализирале што би се случило со Македонија и со Црна Гора. Или би ги оставиле на цедило со територијата која колку - толку им преостанала од делбата на колачот?

ДОГОВОР ЗА НЕЗАВИСНОСТ

Иднината на Косово ќе ја одреди и траекторијата на целиот регион. Со преголемата доза на концентрација на Западот на Ирак, Иран, Северна Кореја и Средниот Исток се ризикува да се запостави косовското прашање и ситуацијата да се испушти од раце. Како што истакна Меѓународната кризна група, оваа година меѓународната заедница треба да ги почне преговорите за конечниот статус на Косово. Секое одложување би довело до непредвидливи последици. За тоа е свесен и

К ИЛИ ЛАВИРИНТ

БАЛКАНОТ И НАТАМУ ГО ЖИВЕЕ ПРОЦЕСОТ НА Т.Н. БАЛКАНИЗАЦИЈА. НАЈЛОШОТО НЕШТО Е ШТО ПО СЕГМЕНТАЦИЈАТА И СТЕКНУВАЊЕТО НЕЗАВИСНОСТ НА ПОРАНЕШНИТЕ ЈУГОСЛОВЕНСКИ РЕПУБЛИКИ СЕ ОДИ КОН СЦЕНАРИОТО НА СОЗДАВАЊЕ МАЛИ ТЕРИТОРИЈАЛНИ ЕДИНИЦИ, КОИ СЕ НЕПРИЈАТЕЛСКИ РАСПОЛОЖЕНИ ЕДНА КОН ДРУГА. ХРВАТСКА КОН СРБИЈА, СРБИЈА КОН БОСНА, КОСОВО КОН СРБИЈА, МАКЕДОНИЈА КОН КОСОВО (ПЛАШЕЈЌИ СЕ ЗА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЕВЕНТУАЛНАТА НЕЗАВИСНОСТ) И СЛ. Т.Н. СОЗДАВАЊЕ НЕПРИЈАТЕЛСКИ ТЕРИТОРИЈАЛНИ ЕДИНИЦИ ВО ТЕРМИНОЛОГИЈАТА Е ПОЗНАТО УШТЕ ОД РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК И ПРОИЗЛЕГУВА ОД КОНТИНУИРАНАТА ПОЛИТИЧКА ПОДЕЛБА НА БАЛКАНОТ. ХРВАТСКА КАКО ЗЕМЈА КОЈА ЕКОНОМСКИ Е ПОНАПРЕДНА ОД РОМАНИЈА И ОД БУГАРИЈА, СЌ УШТЕ ТРЕБА УШТЕ МНОГУ ДА РАБОТИ ЗА ДА ГО УБЕДИ СВЕТОТ ДЕКА ГИ НАДМИНАЛА СВОИТЕ ТВРДОКОРНИ НАЦИОНАЛИСТИЧКИ ДИМЕНЗИИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ПЕРИОДОТ НА СТЕКНУВАЊЕТО НЕЗАВИСНОСТ ОД ПОРАНЕШНАТА ФЕДЕРАЦИЈА. СРБИЈА Е ПРИКАЗНА ЗА СЕБЕ. А И КОСОВО КАКО ДЕЛ ОД НЕА (БАРЕМ НА ХАРТИЈА). ГРЦИЈА СЕ ГРИЖИ ДЕКА ДУРИ И ИНДИРЕКТНОТО МЕНУВАЊЕ НА ГРАНИЦИТЕ НА КОСОВО БИ СОЗДАЛО ОПАСЕН ПРЕСЕДАН, КОЈ БИ МОЖЕЛ ДА ГИ РАСПЛАМТИ СУДИРИТЕ И ДА ГО ДЕСТАБИЛИЗИРА ЦЕЛИОТ РЕГИОН. И МАКЕДОНИЈА ПРЕДУПРЕДУВА НА ТОА. ЗАПАДНИТЕ АНАЛИТИЧАРИ ВЕЛАТ ДЕКА ТАКВИОТ РАЗВОЈ НА НАСТАНИТЕ ЌЕ ГО ЗАБРЗА ПРОЦЕСОТ НА ДЕЗИНТЕГРАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА. ВО ТАКОВ СЛУЧАЈ, БУГАРИЈА И ТУРЦИЈА НЕ БИ МОЖЕЛЕ ДА ОСТАНАТ НАСТРАНА ОД СЛУЧУВАЊАТА. УШТЕ ЕДНА ЗЕМЈА ОД ПОШИРОКИОТ РЕГИОН СЕ ПЛАШИ ОД ИНДИРЕКТНОТО МЕНУВАЊЕ НА ГРАНИЦИТЕ - РОМАНИЈА, КОЈА СТРАВУВА ОД СЌ ПОИЗРАЗЕНИТЕ НАЦИОНАЛИСТИЧКИ АСПИРАЦИИ НА УНГАРЦИТЕ ВО ТРАНСИЛВАНИЈА. СЕПАК, ОД СИТЕ ОВИЕ ЧУВСТВИТЕЛНИ ОБЛАСТИ, КОСОВО Е НАЈПРОБЛЕМАТИЧНАТА. ТОА ГО ЗНААТ СИТЕ, БЕЗ ИСКЛУЧОК. ТАМУ СЕ ОДВИВААТ ПРОЦЕСИ, АКО НЕ ПОД ПОКРОВИТЕЛСТВО НА МЕЃУНАРОДНАТА ЗАЕДНИЦА, ТОГАШ ПРЕД НЕЈЗИНИ ОЧИ СО ПРЕМОЛЧЕНО ОДОБРУВАЊЕ.

Белград. Но, сега засега нема ништо од проектот "стандарди па статус". Веројатно, како таков е пропаднат. Има размислувања за негово видоизменување иако тоа би значело претолерантна позиција кон екстремните елементи во областа. Минатогодишните насилни случувања од 17 март покажаа дека времето полека изминува. Меѓународната заедница мора да признае дека сегашната привремена управа на ОН во Приштина веќе не може да издржи со вакво темпо. Дипломатите веќе нашироко подготвуваат некаков косовски договор, кој повторно би содржел принципи и стандарди пред статусот, но во некоја помека варијанта од сегашната. Сепак, човековите права и развојот на демократијата ќе бидат неодминливи стандарди за косовското општество. Според тој договор, Косово би требало да дозволи во Врховниот и во Уставниот суд да седат и меѓународни судии, а одредени меѓународни тела да имаат овластување пред тие судови да ги известуваат случаите за кршење на човековите права. Од Косово би се барало да прифати и меѓународна набљудувачка мисија, која би го пријавила секое неисполнување на стандардите за независно Косово. За да паднат во вода апетитите за голема Албанија, исто така, договорот би морал да го исклучи секое можно обединување на Косово со Албанија или со некоја соседна земја или територија. Сепак, овој предлог не наишол на никакво разбирање од страна на Белград. Западните дипломати сепак сметаат дека кога ќе се надминат пронационалните страсти и кога на политичката сцена во Србија ќе дојдат реалистите, тогаш во Белград ќе се промени и мислењето околу независниот статус на Косово. Се смета дека без Косово Србија ќе има поголеми шанси за влез во ЕУ. Како што денес стојат работите, Србија не одлучува за Косово. Таа нема право на вето по неговото прашање. Последните анкети спроведени во Белград покажуваат дека дури 48 отсто од испитаниците сметаат дека Косово е изгубена територија, додека 57 отсто ценат дека таа територија треба етнички да се подели меѓу Србите и Албанците. Додека ЕУ ги охрабрува и Белград и Приштина заедно да работат на идниот статус на Косово, Србија е инертна по тоа прашање.

Аналитичарите сметаат дека српските политичари се оладиле по прашањето за статусот и дека кревааат раце од сопствената земја. Србија се соочува со најголемата политичка криза по убиството на премиерот Зоран Ѓинѓиќ. Сиромаштијата, нестабилноста на политичката сцена, слабата соработка со Хашкиот суд, постојаните штрајкови го одвлекуваат вниманието на јавноста, а Косово е запоставено. Ако Западот не почувствува искрена заинтересираност и стратегија на Белград околу идниот статус на Косово, тогаш лесно може да се случи Тадиќ и Коштуница само да бидат известени со одлуката на меѓународната заедница по прашањето за Косово.

ADNAN REISEN
STUTTGART
ADNAN D.o.o Lažani
Tel.: 048 / 473 315
Mob. 070 / 711 788
Büro Stuttgart
Tel. 0711 / 8 17 78 72
Fax 0711 / 8 17 78 73
Mobil 0171 / 5 46 32 20
e-mail: dautoski@web.de
Direktor Alija Dautoski
70469 STUTTGART - Leobenerstr. 33 - FEUERBACH

FREIBURG
OFFENBURG
KARLSRUHE
STUTTGART
ULM
AUGSBURG
MÜNCHEN
KUMANOVO
SKOPJE
GOSTIVAR
KIČEVO
VERBINDUNG MIT
SPOJUVANJE SO
STRUGA
PRILEP
OHRID
BITOLA
BALI D.o.o Struga
Mob. 070 / 247 920
0173 / 9410324
Büro Freiburg
Tel. 0761 / 500 235
Mob. 0170 / 411 7693
Büro Offenburg
Tel. 0781 / 17 48
Sekoja sreda, petok i nedela
Germanija - MAKEDONIJA
Sekoja sreda, sabota i nedela
Makedonija - GERMANIJA
Informacii i rezervacii od 9⁰⁰ do 21⁰⁰ časot